Врз основа на член 85-а став (3) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерката за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И ЕКВИВАЛЕНЦИЈА**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање и еквиваленција врз основа на направените реални трошоци и начинот на распределбата.

**Член 2**

Висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање и еквиваленција се определува во висина на направените реални трошоци и изнесува 3.000,00 денари.

Со износот од став 1 на овој член се покриваат направените реални трошоци во постапката за признавање и еквиваленција на завршено средно образование, односно за завршена одделна година од средното образование во странство.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за висината на надоместокот на трошоците во постапката за нострификација врз основа на направените реални трошоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/16).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 18-12630/1**
**29.09.2025 година**
**Скопје**

**Министерка**
**за образование и наука,**
**проф.д-р Весна Јаневска,с.р.**